## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 148 став 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНА И ПОДАТОЦИТЕ КОИ ГИ СОДРЖИ ЗАПИСНИКОТ ОД КОНТРОЛА НА САМОТО МЕСТО

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржина и податоците кои ги содржи записникот од контрола на самото место.

### Член 2

Формата и содржината на записникот од контрола на самото место е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Во записникот од контрола на самото место се наведуваат следните податоци:

1. Назив на барателот/корисникот

2. Датум на вршење на контролата на самото место,

3. Мерка за која се врши контролата на самото место,

4. Број на барањето за финансиска поддршка,

5. Почеток на контрола на самото место (се запишува часот на почеток на контролата на самото место),

6. Место на контрола на самото место (се запишува адресата на местото каде што е направена контролата на самото место,

7. Име и презиме на надлежниот контролор одреден за вршење на контролата на самото место,

8. Податоци за барателот/корисникот или пак од него овластено лице(со пишан документ во кој се овластува друго лице да присуствува на контролата на самото место), се запишува: Име презиме , ЕМБГ/ ЕДБ,

9. Податоци за други присутни лица (име и презиме, ЕМБГ),

10. Констатираната фактичка состојба и податоци од контролата на самото место споредени со состојбата наведена во барањето за финансиска подршка и доставената документација.

11. Часот на завршување на контролата на самото место,

12. Простор за забелешки за начинот на извршената контрола на самото место од страна на барателот/корисникот и

13. Потпис на барателот/корисникот или пак од него овластено лице, други присутни лица и контролорите.

Записникот од контрола на самото се составува во три примероци,од кои еден примерок веднаш му се дава на барателот/овластеното лице, еден примерок за контролорот и еден примерок се доставува во секторот за контрола на самото место во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-7853/1
13 јули 2012 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

АФПЗРР

**Република Македонија**
Агенција за Финансиска Поддршка
во Земјоделството и Руралниот развој

Бр: _______________

Датум: ___ . ___ 201_ год.

# З А П И С Н И К

## ЗА КОНТРОЛА НА САМОТО МЕСТО ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА

За извршена контрола на самото место кај: ____________________________________на датум _____________ за мерка:______________ со број на барање: ________________, Почеток на контролата во __________часот. Место на контрола:____________________________________.Контролата е извршена од: __________________________.

Во присуство на барател/овластено лице: ___________________________ЕМБГ/ЕДБ________________________

Присутни лица:____________________________________.

**НАОДИ:**Врз основ наЗаконот за земјоделство и рурален развој („Сл.Весник на РМ" бр.49/2010) и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 201_ година, од извршената контрола на самото место се констатира:

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

Записникот е прочитан и барателот/овластеното лице:има / нема забелешки:

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
_______________________________________________

Контролата заврши во__________ часот. Записникот е изготвен во_____примероци. Примероци од овој записник имаат: ________________________________________________________________________.

Контролирал

Присутни лица

Потпис на барател/ овл.лице

______________________ ______________________ ______________________